# БИЗНИС ПЛАН
## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВА И ФУНКЦИОНАЛНА ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА НА ОБУКИТЕ НА ИНСПЕКТОРИТЕ

ДЕКЕМВРИ 2019

*Инспекцискиот совет на 150-та седница, одржана на 18.12.2019 година, донесе Бизнис план за воспоставување на одржлива и функционална единица за поддршка на обуките на инспекторите*

# ПРОЕКТ НА УСАИД ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ

## СТРАТЕГИЈА ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКИ НА ИНСПЕКТОРИТЕ ВО ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ2020 - 2024 ГОДИНА

Подготвено за Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД)

УСАИД Договор број: AID 165-A-16-00004

Проект за модернизација на инспекциските служби (МИА)

Спроведен од:Центар за развојни политики ИДЕАС ДеПо Скопје

1000 Скопје, Северна Македонија

Подготвено од:

Дејан Маџоски, надворешен консултант

Прегледано и одобрено од:

м-р Александар Шахов, Директор на Проектот на УСАИД за Модернизација на инспекциските служби

м-р Розалија Карчицка Василевска, Заменик директор и лидер на компонента за обуки на Проектот на УСАИД за Модернизација на инспекциските служби

ИЗЈАВА ЗА ОДГОВОРНОСТ

Оваа публикација е подготвена при имплементација на Проектот на УСАИД за Модернизација на инспекциските служби за потребите на Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Ставовите на авторите искажани во оваа публикација не ги одразуваат ставовите на Агенцијата на САД за ме ѓународен развој (УСАИД) или Владата на САД

# Содржина


ВОВЕД ... 1

РАЗВОЈ НА БИЗНИС ПЛАНОТ ... 2

Увид во правната рамка во Република Северна Македонија, досегашните искуства и искуствата од други земји ... 2

Увид во сегашната состојба и потребите за развој и обука на инспекторите во државните инспекциски служби ... 3

Развој на Предлог бизнис модел на единицата за поддршка на обуките и усогласување со клучните заинтересирани лица ... 3

Финализација на Бизнис планот ... 4

ПРАВНА РАМКА – ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ... 5

СЕГАШНА СОСТОЈБА ... 6

ПОТРЕБИ, ЦЕЛНА ГРУПА И ОПФАТ ... 7

БИЗНИС ПЛАН ЗА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВА И ФУНКЦИОНАЛНА ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА НА ОБУКАТА НА ЗА ИНСПЕКТОРИТЕ ... 8

Делокруг на работа ... 8

Организациска структура ... 8

Фази на екипирање ... 8

Физички простор и локации ... 9

Годишни трошоци за изнајмување сали ... 13

Интернет Портал ... 14

ОДРЖЛИВОСТ НА ЕПО ... 15

Годишни трошоци на ЕПО ... 15

Обезбедување средства за функционирање на ЕПО ... 15

Буџет на Република Северна Македонија ... 16

Годишен паушал ... 16

Издавање на салите на ЕПО ... 16

Организирање на настани, обуки и советувања ... 17

Публикации ... 17

Правилници ... 17

# ВОВЕД

Воден од насоките за развој на Стратегија за стручно усовршување и обука на инспекторите во државните инспекциски служби, како дел од Проектот за модернизација на инспекциските служби во Република Северна Македонија, имплементиран од страна на Центарот за развојни политики ИДЕАС ДеПо, развиен е Бизнис план за воспоставување на одржлива и функционална единица за поддршка на обуките на инспекторите (во натамошниот текст: ЕПО). Бизнис планот за ЕПО ја следи и е во согласност со Стратегија за стручно усовршување и обука на инспекторите во државните инспекциски служби. Во таа насока, Бизнис планот ги поставува основите за воспоставување и развој на сеопфатна ЕПО, вклучувајќи ги следните аспекти:

- Делокруг на работата;
- Организациска структура;
- Работни места и опис на работни задачи;
- Физички простор и локации;
- Техничка опрема;
- Креирање и реализација на програми за обука и развој;
- Обезбедување и обука на интерни предавачи;
- Одржливост и финансирање на ЕПО;

# РАЗВОЈ НА БИЗНИС ПЛАНОТ

Бизнис планот за воспоставување на одржлива и функционална единица за поддршка на обуките на инспекторите е развиен низ неколку чекори во соработка со претставниците од Центарот за развојни политики ИДЕАС ДеПо, Инспекцискиот совет (вонатамошниот текст: Совет) и претставници на Работната група за изработка на Стратегијата и Бизнис планот, формирана од Советот, како и Министерството за информатичко општество и администрација.

Реализиран во периодот помеѓу јули и септември 2019 година, развојот на Бизнис планот ги содржи фазите, односно чекорите наведени во продолжение кои вклучуваат: увид и анализа на содржината на правната рамка во Република Северна Македонија, увид и анализа на сегашната состојба и потребите од обуката и развојот на инспекторите во Република Северна Македонија, увид и анализа на искуствата од други земји, состаноци и интерактивни работилници со клучните заинтересирани страни (Центарот за развојни политики ИДЕАС ДеПо, Советот и инспекциските служби во Република Северна Македонија, како и Министерството за информатичко општество и администрација), за запознавање со потребите, статусот, предлогот за бизнис модел и усогласување на истиот пред финализација на Бизнис планот за ЕПО.

## Увид во правната рамка во Република Северна Македонија, досегашните искуства и искуствата од други земји

Во рамките на првата фаза од развојот на Бизнис планот беа разгледани и анализирани:

- Правни акти и останати документи од институциите на Република Северна Македонија, релевантни за развојот на Бизнис планот;
- Претходно направени Анализи за потребите од обуки за инспекторите и останати анализи;
- Правни акти, анализи и останати документи од институциите на други држави релевантни за развојот на Бизнис планот;

Листатата на анализирани документи меѓудругото ги опфаќа следните документи:

- Закон за инспекциски надзор(2019);
- Анализа за потребите од генеричкиобуки на за инспекторите (2018);
- Анализи за потребите од специфични обуки на ДУИ, ДИТ и ДПИ (2018);
- Анализа на моделите за воспоставување академија за стручно усовршување на административните службеници;
- Стратегија за реформа на јавната администрација 2017-2022;
- Правилници кои произлегуваат од Законот за инспекциски надзор; Извештаиза работата на Советот; Програми за обуки / Испит за лиценца итн.;
- Листа на одржани обуки за инспекторите 2017-2019;
- Етички кодекс на инспекторите;
- Методологија за вршење на инспекциски надзор;
- Прирачник за полагање испит за инспектор (2015);

- Компаративна анализа на тренинг модалитети (Албанија, Србија, Бугарија, Германија, Регионална школа за јавна администрација) (2017);
- Програма за стручно усовршување на државните службеници на Црна Гора (2013);
- Пракси на јавните администрации низ светот;
- Документи за тренинг центри од Србија и Албанија;
- Правилник за програма и начин на спроведување на испити за инспектори од Србија (2015);

## Увид во сегашната состојба и потребите за развој и обука на инспекторите во државните инспекциски служби

Следен чекор во развојот на Бизнис планот е увид во сегашната состојба со одржување на обуки и други мерки за развој за инспекторите во државните инспекциски служби, начинот на нивно планирање и организација, постојниот физички простор и опрема; како и увид во потребите од развој и обука на инспекторите во државните инспекциски служби, кој е направен низ анализа на релевантни документи, состаноци и работилници со претставници од Центарот за развојни политики ИДЕАС ДеПо, Советот, инспекциските служби и Министерството за информатичко општество и администрација.

По завршувањето на увидот во сегашната состојба и потребите за развој и обука на инспекторите во државните инспекциски служби направена е Анализа на потребата за воспоставување на функционална и одржливаединица за поддршка на обуките, која примарно ќе се фокусира на генерички обуки и мерки за развој на инспекторите. Анализата на потребите е направена врз основа на досегашното искуство и пракса, деталите на Стратегијата за стручно усовршување и обука на инспекторите во државните инспекциски служби, вклучувајќи ги бројот и типовите на обуки, како и вкупниот број на инспектори во државните инспекциски служби.

## Развој на Предлог бизнис модел на единицата за поддршка на обуките и усогласување со клучните заинтересирани лица

Врз основа на информациите, анализите и заклучоците од претходните чекори изработен е Предлог бизнис модел на ЕПО, кој меѓудругото ги опфаќа и следните елементи:

- Делокруг на работата;
- Организациска структура;
- Работни места и опис на работни задачи;
- Физички простор и локации;
- Техничка опрема;
- Одржливост и финансирање на ЕПО;

Со цел обезбедување на согласност и мислење од клучните заинтересирани страни за елементите на Предлогот за бизнис модел на ЕПО, истите се изложени и дискутирани на работилници со претставниците од Центарот за развојни политики ИДЕАС ДеПо, Советот, Работната група и Министерството за информатичко општество и администрација, на кои е добиено соодветно мислење, насоки и дополнителни идеи за развој на Бизнис планот. Работилниците се одржаа на 29.08.2019 во Скопје и 26-27.09.2019 во Маврово.

# Финализација на Бизнис планот

По усогласувањето на предлогот за Бизнис модел за ЕПО со клучните заинтересирани страни, изработена е конечната верзија на Бизнис планот за ЕПО.

# ПРАВНА РАМКА – ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Предметен закон, кој меѓу другото ги уредува и надлежностите и работењето на Советот, организацијата и раководењето на инспекциските служби, статусот и вработувањето на инпектор, лиценца за инспектор, правата и обврските на инспекторите (систем на надоместоци на плати, систем за стручно усовршување и обука), итн., е Законот за инспекциски надзор.

Според овој закон, дел од надлежностите на Советот се:

- креира единствена рамка за развој и управувањесо инспекторите во инспекциските служби;
- воспоставува и одржува систем за стручно усовршување и обукана инспекторите во инспекциските служби;
- донесува и спроведува годишна програма за генеричка обука на инспекторите во инспекциските служби;

Понатаму, во врска со стручното усовршување и обука на инспекторите, Законот предвидува дека:

- Инспекторот има право и должност континуирано професионално и стручно да се усовршува и обучува;
- Стручното усовршување на инспекторите се спроведува преку генерички и специјализирани обуки;
- Советот односно градоначалникот, најдоцна до 30 јуни во тековната година, донесува Годишна програма за генерички обукина инспекторите за наредната година;
- За спроведување на програмата, Советот воспоставува внатрешна организациска единица за поддршка на обуката на инспекторите од инспекциските служби;
- Специјализираните обуки за инспектори и средствата за нивна реализација, ги обезбедува инспекциската служба;

И на крајот, Законот предвидува дефинирање и донесување на Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор, па во таа насока:

- Врз основа на Годишната програма, директорот односно раководителот на инспекциската служба, најдоцна до 30 ноември во тековната година, донесува Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор во наредната година;
- Во Годишниот план, се вклучени најмалку три генерички обукиод Годишната програма;

# СЕГАШНА СОСТОЈБА

Опфатот на увидот и анализата на сегашната состојба е планирањето и реализацијата на обукитеи другите мерки за развој на инспекторите во државните инспекциски служби, организациската поставеност, постојниот физички простор и опрема за одржување на обуките.

Од анализата на релевантните документи, состаноците и работилниците со клучните заинтересирани страни, креирана е слика на сегашната состојба.

Во текот на 2018 година, од страна на Центарот за развојни политики ИДЕАС ДеПосе изработени Анализа за потребите од генеричкиобукина инспекциските службии Анализи за потребите од специфични обуки за ДУИ, ДИТ и ДПИ.

Во периодот помеѓу јули 2017 година и јуни 2019, одржани се 79 генерички и специјализирани обуки,на 38 различни теми, на кои присуствувале 2606 инспектори од 31 инспекции и министерства.

Во моментот не постои стратегија за развој и обука на инспекторите ниту унифициран и структуриран пристап за адресирање на нивните потреби за развој и обука. Дополнително, недостасуваат детални планови за вовед на новите инспектори со генерички и специјализирани обуки и други мерки за развој.

Законот за инспекциски надзор предвидува Годишна програма за генерички обукина инспекторите,како и Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор, што ќе креира дополнителни барања за обука на инспекторите.

Во текот на 2018 година е одржана обука за Вештини за организирање и водење на обуки за одбрани инспектори за потенцијални предавачи, но не постои централизиран и организиран пристап кон обуката и координацијата со интерни обучувачи од редовите на инспекторите.

Законот за инспекциски надзор предвидува формирање на внатрешна организациска единица за поддршка на обуката на инспекторите од инспекциските служби, но истата допрва треба да се формира и екипира.

Советот и инспекциските служби не располагаат со соодветен простор и опрема за одржување на обуки. Поради тоа, најголемиот дел од горенаведените обуки одржани во периодот јули 2017 година и јуни 2019, се одржани во надворешни простории (други институции или компании).

# ПОТРЕБИ, ЦЕЛНА ГРУПА И ОПФАТ

Земајќи ги во предвид барањата на законските и подзаконските акти, со акцент на Законот за инспекциски надзор, реалните потреби за развој и обука на инспекторите, како и Стратегијата за стручно усовршување и обука на инспекторите во државните инспекциски служби, вклучувајќи ги бројот и типовите на обуки, како и вкупниот број на инспектори во државните инспекциски служби,се јавува потребата за поставување и развој на професионална, функционална и одржлива единица за поддршка на обуките, која ќе ги задоволи барањата и потребите за обука и развој на инспекторите.

Целна група на ЕПО се инспекторите во државните инпекциски служби.

Опфатот, т.е. опсегот на работата ЕПО, како самостојна организациска единица во ремките на Советот, примарно ќе се фокусира на генеричкиобуки и мерки за развој на инспекторите, вклучувајќи креирање на Годишна програма за генерички обуки, дизајн на содржина и реализација на генеричките обуки, поддршка на инспекциските служби во одржување на специјализираните обуки, обука и кооридинација на интерни обучувачи и ментори, одржување на испити за лиценца, изработка и одржување на интерен портал и креирање содржини за истиот.

# БИЗНИС ПЛАН ЗА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВА И ФУНКЦИОНАЛНА ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА НА ОБУКАТА НА ЗА ИНСПЕКТОРИТЕ

## Делокруг на работа

ЕПО, во предложената идна организациска структура на Советот именуван како Сектор за обуки и лиценци, ќе ги врши следните работи и задачи:

- Креира рамка за развојна инспекторите во инспекциските служби;
- Воспоставува и одржува систем за стручно усовршување и обукана инспекторите во инспекциските служби;
- Изготвува и спроведува годишна програма за генеричкиобукина инспекторите во инспекциските служби;
- Изготвува и спроведува програма за развој на интерните обучувачи и ментори;
- Дава поддршка на инспекциските служби во градење на капацитетиза планирањена специјализираните обуки, како и поддршка во реализација на истите;
- Обезбедува технички условиза одржување на обуки и други мерки за развој;

## Организациска структура

ЕПО, односно Секторот за обуки и лиценци, е поставен како посебна организациска единица во рамките на Советот. Со секторот раководи Раководител на сектор, а во рамките на истиот се предвидени две посебни одделенија, со раководител на одделение и 2-3 работни позиции за соработници/советници, и тоа:

- Одделение за обуки;
- Одделение за административно-техничка поддршка;

Раководителот на Секторот за обуки и лиценци, преку одделенијата во Секторот за стратегија и Секторот за логистика, а во соработка и координацијасо надлежните раководители во инспекциските служби, координира со работата на интерните обучувачи и ментори, поврзана со одржувањето на генеричките обуки и поврзаните активности.

### Фази на екипирање

Фаза 1: до крајот на 2019 година, пополнување на раководните позиции на Секторот и Одделенијата.

Фаза 2: до крајот на јуни 2020 година, пополнување на соработничките позиции во Одделенијата.

Во првата фаза, покрај задолженијата и активностите пропишани со Законот за инспекциски надзор и останатите законски и подзаконски акти, нужно е да се обезбеди и

соодветен простор и опрема за канцеларии за вработените во Секторот, како и сали и опрема за одржување на обуките.

## Физички простор и локации

ЕПО треба да располага со соодветен простор и техничка опрема за да биде во можност ефикасно да ги поддржи потребите за обуки на инспекторите, односно треба да располага со канцеларии за вработените во Секторот, сали за одржување на обуки, состаноци и испити, како и соодветна канцелариска и техничка опрема.

Што се однесува до салите за обуки, состаноци и испити,се предлага истите да се обезбедат и опремат во две фази:

- Фаза 1 – Сали во Скопје, до јуни 2020 година;
- Фаза 2 – Сали во Битола и Штип, до декември 2020 година;

Салите во Скопје, како што се опишани во продолжение, ќе креираат сеопфатен центар кој ќе може да ги поддржи потребите заобуки, состаноци и испити, пред сѐ фокусирајќи се на генеричките обуки и испитите за лиценци, но исто така поддржувајќи ги потребите и на одделните инспекциски служби за одржување на специјализирани обуки.

Салите во Битола и Штип треба да обезбедат ефикасност и економичност за одржувањето на обуките за инспекторите надвор од Скопје, со цел и за нив да се обезбедат професионални услови по високи стандарди.

Според обемот во кој ЕПО ќе ги поддржува инспекциските служби за одржување на специјализирани обуки во салите на Тренинг центарот се предлагаат две опции:

- Опција 1 – 4 сали
- Опција 2 – 5 сали

Табела 1 Опција 1 за обем на ЕПО/Сали Скопје

| Опрема | Сала 1 (кино систем) | Сала 2 (кино / П систем) | Сала 3 (П систем) | Сала 4 (кино / П систем) |
|---|---|---|---|---|
| **Капацитет** | **20** | **40 / 20** | **15** | **30 / 20** |
| **Маси** | X | X | X | |
| **Столици** | X | X | X | X |
| **Лаптопи** | X | | | |
| **Проектор и платно** | X | X | X | X |
| **Телевизор (>55’’)** | | X | X | |
| **Звучници** | X | X | X | X |
| **Ѕидна табла** | X | X | X | X |
| **Табла за хартија** | X | X | X | X |
| **Опрема за симултан превод** | | X | | |
| **Опрема за конференциска врска** | | | X | |

Табела 2 Опција 2 за обем на ЕПО/Сали Скопје

| Опрема | Сала 1 (кино систем) | Сала 2 (кино / П систем) | Сала 3 (П систем) | Сала 4 (кино / П систем) | Сала 5 (кино / П систем) |
|---|---|---|---|---|---|
| **Капацитет** | 20 | 40 / 20 | 15 | 30 / 20 | 30 / 20 |
| **Маси** | X | X | X | | X |
| **Столици** | X | X | X | X | X |
| **Лаптопи** | X | | | | |
| **Проектор и платно** | X | X | X | X | X |
| **Телевизор (>55'')** | | X | X | | |
| **Звучници** | X | X | X | X | X |
| **Ѕидна табла** | X | X | X | X | X |
| **Табла за хартија** | X | X | X | X | X |
| **Опрема за симултан превод** | | X | | | |
| **Опрема за конференциска врска** | | | X | | |

Табела 3Опција 1 за обем на ЕПО/Сали Битола и Штип

| Опрема | Битола (кино / П систем) | Штип (кино / П систем) |
|---|---|---|
| **Капацитет** | 40 / 20 | 40 / 20 |
| **Маси** | X | X |
| **Столици** | X | X |
| **Лаптопи** | X | X |
| **Проектор и платно** | X | X |
| **Телевизор (>55'')** | X | X |
| **Звучници** | X | X |
| **Ѕидна табла** | X | X |
| **Табла за хартија** | X | X |
| **Опрема за конференциска врска** | | |

Земајќи го во предвид и предлогот за издавање на салите на ЕПО, како дел од начините за обезбедување на одржливост и функционалност на истиот, покрај салите, просториите треба да располагаат и со соодветни придружни простории вклучувајќи тоалети и простории / места за ручек / кафе паузи за време на обуките и состаноците.

Во иста насока оди и опременоста со соодветна канцелариска и техничка опрема која треба да биде соодветна за оваа намена.

Покрај салите и придружните простории, ЕПО, по можност во истите простории во Скопје, треба да располага и со соодветни канеларии за вработените и тоа:

- 1 канцеларија за Раководителот на Секторот;
- 2канцеларии за Раководителите на Одделенија;
- 2-4 канцелари за вработените во Одделенијата;

Покрај горенаведените канцеларии, просториите би требало да содржат и една помошна просторија за сместување на канцелариската и техничката опрема која нема да се користи постојано.

Во табелите подолу е даден приказ на потребниот буџет за канцелариска и техничка опрема на салите која треба да ги задоволи потребите за одржување на обуки, состаноци и испити за инспекторите, како и издавање на истите за обезбедување на одржливост и функционалност на ЕПО.

Табела 4Буџет за канцелариска и техничка опрема за сали во Скопје

| Опрема | Сала 1 (кино систем) | Сала 2 (кино / П систем) | Сала 3 (П систем) | Сала 4 (кино / П систем) | Сала 5 (кино / П систем) |
|---|---|---|---|---|---|
| **Капацитет** | **20** | **40 / 20** | **15** | **30 / 20** | **30 / 20** |
| **Маси** | 10 x 3.000 мкд = 30.000 мкд | 10 x 3.000 мкд = 30.000 мкд | 1 x 60.000 мкд = 60.000 мкд | 0 мкд | 10 x 3.000 мкд = 30.000 мкд |
| **Столици** | 20 x 1.500 мкд = 30.000 мкд | 40 x 1.500 мкд = 60.000 мкд | 15 x 6.000 мкд = 90.000 мкд | 20 x 1.500 мкд = 30.000 мкд | 30 x 1.500 мкд = 45.000 мкд |
| **Лаптопи** | 20 x 55.000 мкд = 1.100.000 мкд | 0 мкд | 0 мкд | 0 мкд | 0 мкд |
| **Проектор и платно** | 1 x 55.000 мкд + 1 x 11.000 мкд = 66.000 мкд | 1 x 55.000 мкд + 1 x 11.000 мкд = 66.000 мкд | 1 x 55.000 мкд + 1 x 11.000 мкд = 66.000 мкд | 1 x 55.000 мкд + 1 x 11.000 мкд = 66.000 мкд | 1 x 55.000 мкд + 1 x 11.000 мкд = 66.000 мкд |
| **Телевизор (65'')** | 0 мкд | 1 x 50.000 мкд = 50.000 мкд | 1 x 50.000 мкд = 50.000 мкд | 0 мкд | 0 мкд |
| **Звучници** | 1 x 3.000 мкд = 3.000 мкд | 1 x 3.000 мкд = 3.000 мкд | 1 x 3.000 мкд = 3.000 мкд | 1 x 3.000 мкд = 3.000 мкд | 1 x 3.000 мкд = 3.000 мкд |
| **Ѕидна табла** | 1 x 6.000 мкд = 6.000 мкд | 1 x 6.000 мкд = 6.000 мкд | 1 x 6.000 мкд = 6.000 мкд | 1 x 6.000 мкд = 6.000 мкд | 1 x 6.000 мкд = 6.000 мкд |
| **Табла за хартија** | 2 x 5.000 мкд = 10.000 мкд | 2 x 5.000 мкд = 10.000 мкд | 2 x 5.000 мкд = 10.000 мкд | 2 x 5.000 мкд = 10.000 мкд | 2 x 5.000 мкд = 10.000 мкд |
| **Опрема за конференциска врска** | 0 мкд | 0 мкд | 1 x 60.000 мкд = 60.000 мкд | 0 мкд | 0 мкд |
| **Опрема за симултан превод** | 0 мкд | 615.000 мкд | 0 мкд | 0 мкд | 0 мкд |
| **Ситна опрема и галантерија** | = 10.000 мкд | = 1.000 мкд | = 1.000 мкд | = 1.000 мкд | = 1.000 мкд |
| **Вкупно** | 1.255.000 мкд | 841.000 мкд | 346.000 мкд | 116.000 мкд | 161.000 мкд |
| | 20.406 ЕУР | 13.675 ЕУР | 5.626 ЕУР | 1.886 ЕУР | 2.618 ЕУР |

Вкупниот буџет за канцелариската и техничка опрема за салите во Скопје изнесува 2.719.000 мкд, односно 44.211 ЕУР

Табела 5Буџет за канцелариска и техничка опрема за сали во Битола и Штип

| Опрема | Битола (кино / П систем) | Штип (кино / П систем) |
|---|---|---|
| Капацитет | 40 / 20 | 40 / 20 |
| Маси | 10 x 3.000 мкд = 30.000 мкд | 10 x 3.000 мкд = 30.000 мкд |
| Столици | 40 x 1.500 мкд = 60.000 мкд | 40 x 1.500 мкд = 60.000 мкд |
| Лаптопи | 20 x 55.000 мкд = 1.100.000 мкд | 20 x 55.000 мкд = 1.100.000 мкд |
| Проектор и платно | 1 x 55.000 мкд + 1 x 11.000 мкд = 66.000 мкд | 1 x 55.000 мкд + 1 x 11.000 мкд = 66.000 мкд |
| Телевизор (65'') | 1 x 50.000 мкд = 50.000 мкд | 1 x 50.000 мкд = 50.000 мкд |
| Звучници | 1 x 3.000 мкд = 3.000 мкд | 1 x 3.000 мкд = 3.000 мкд |
| Ѕидна табла | 1 x 6.000 мкд = 6.000 мкд | 1 x 6.000 мкд = 6.000 мкд |
| Табла за хартија | 4 x 5.000 мкд = 20.000 мкд | 4 x 5.000 мкд = 20.000 мкд |
| Опрема за конференциска врска | 0 мкд | 0 мкд |
| Ситна опрема и галантерија | = 10.000 мкд | = 10.000 мкд |
| Вкупно | 1.345.000 мкд | 1.345.000 мкд |
| | 21.870 ЕУР | 21.870 ЕУР |

Вкупниот буџет за канцелариската и техничка опрема за салите во Битола и Штип изнесува 2.690.000 мкд, односно 43.740 ЕУР.

Табела 6Буџет за канцelариска и техничка опрема за канцеларии

| Опрема | Раководител на Сектор | Раководител на Одделение x2 | Соработник x 4 |
|---|---|---|---|
| **Канцеларии** | **1** | **2** | **2** |
| **Биро** | 1 x 18.000 мкд = 18.000 мкд | 2 x 18.000 мкд = 36.000 мкд | 4 x 12.000 мкд = 48.000 мкд |
| **Столици** | 6 x 6.000 мкд = 36.000 мкд | 2 x 6.000 мкд = 12.000 мкд | 4 x 6.000 мкд = 24.000 мкд |
| **Столици (мали)** | 0 мкд | 4 x 1.500 мкд = 6.000 мкд | 4 x 1.500 мкд = 6.000 мкд |
| **Маса за состаноци** | 1 x 18.000 мкд = 18.000 мкд | 0 мкд | 0 мкд |
| **Лаптоп** | 1 x 55.000 мкд = 55.000 мкд | 2 x 55.000 мкд = 110.000 мкд | 4 x 55.000 мкд = 220.000 мкд |
| **Фиокара** | 1 x 15.000 мкд = 15.000 мкд | 2 x 15.000 мкд = 30.000 мкд | 4 x 15.000 мкд = 60.000 мкд |
| **Телевизор (55’’)** | 1 x 40.000 мкд = 40.000 мкд | 0 мкд | 0 мкд |
| **Шкаф** | 1 x 18.000 мкд = 18.000 мкд | 2 x 18.000 мкд = 36.000 мкд | 4 x 18.000 мкд = 72.000 мкд |
| **Ситна опрема и галантерија** | = 2.000 мкд | = 2.000 мкд | = 2.000 мкд |
| **Вкупно** | **202.000 мкд** | **232.000 мкд** | **432.000 мкд** |
| | **3.285 ЕУР** | **3.772 ЕУР** | **7.024 ЕУР** |

Вкупниот буџет за канцелариската и техничка опрема за канцелариите изнесува 866.000 мкд, односно 14.081 ЕУР.

Со тоа, вкупниот буџет за канцелариска и техничка опрема за салите во Скопје, Битола, Штип и канцелариите за вработените во Секторот за обуки и лиценци изнесува 6.275.000 мкд, односно 102.032 ЕУР.

Цените, односно трошоците за опремата дадени во табелите погоре се дадени во апроксимативни износи од податоците добиени во текот на август и септември 2019 година.

## Годишни трошоци за изнајмување сали

Како алтернатива на опремување на сопствени сали за обуки,е изнајмување на истите за обуките кои ќе ги организира ЕПО.Земајќи го во предвид бројот на генерички обуки за инспекторите кои ќе треба да ги организира ЕПО, како и деновите на обука на кандидатите за инспектори, односно 150 денови обука за генеричките обуки и 120 денови обука за кандидатите за инспектор или вкупно 270 дена обука во текот на една календарска година. Доколку изнајмувањето на сала за обуки чини околу 250 ЕУР на ден (минимален предвиден износ), вкупниот износ на годишно ниво ќе изнесува 67.500 ЕУР. Дополнително на овој износ ќе треба да се додадат и трошоците за изнајмување на сали за одржување на специјализираните обуки на инспекциските служби.

## Интернет Портал

За потребите на обуката и развојот на инспекторите и останатите вработени, како и за потребите од споделување на информации и едукација на останатите институции и субјектите на приватниот сектор, ЕПО ќе развие и одржува интернет портал кој ќе служи за:

Внатрешна употреба (внатрешен пристап):

- Пристап до ресурси:
    - Материјали од обуки (презентации и видеа);
    - Информации;
- Релевантни законски и подзаконски акти;
- Електорнски обуки;
- Видеа;
- Контакт со ЕПО;
- Модул за он-лајн разговори / поставување и одговарање на прашања;
- Простор за соработка (пр. споделување искуства и прикачување на датотеки од страна на инспекторите);
- Проверка / валидација на знаењето (пр. испити за лиценци);

За потребите на последните три точки од листата погоре, секој од инспекторите ќе треба да има сопствен профил за најава на порталот.

Надворешна употреба (надворешен пристап):

- Пристап до:
    - Материјали од обуки (презентации и видеа);
    - Информации;
    - Релевантни законски и подзаконски акти;
- Вести / новости;
- Електорнски обуки;
- Видеа;
- Контакт со ЕПО;
- Информации за издавање на просториите на ЕПО;
- Информации за надворешните обуки и настани;
- Информации за публикациите на ЕПО;

Со цел обезбедување на поголема флексибилност и достапност за користење на интернет порталот од страна на внатрешните и надворешните корисници, се препорачува развој на апликација за мобилни телефони и таблети преку која ќе може да се пристапи до порталот и да се користат неговите содржини.

# ОДРЖЛИВОСТ НА ЕПО

## Годишни трошоци на ЕПО

Годишниот буџет на ЕПО, како што е опишано погоре, е пресметан на износ од околу 110.000 – 120.000 ЕУР. Во овој износ не се вклучени месечни рати за најмување на просториите на ЕПО, доколку тоа е воопшто потребно (Табела 7).

Табела 7 Пресметани годишни трошоци на ЕПО

| Ставка | Опис | Годишен износ |
|---|---|---|
| **Плати** | Плати за<br>3 x Раководители<br>+ 4 x Соработници | 65.000 ЕУР |
| **Месечни режиски трошоци и трошоци за одржување** | Режиски трошоци и трошоци за одржување | 12.000 ЕУР |
| **Надоместок за интерни обучувачи** | 20 дена x 50 ЕУР x 12 месеци | 12.000 ЕУР |
| **Надоместок за ментори** | 20 ментори x 70 ЕУР x 12 месеци | 16.800 ЕУР |
| **Останати непредвидени трошоци** | Непредвидени трошоци | 5.000 ЕУР |
| **Вкупно** | | 110.800 ЕУР |

## Обезбедување средства за функционирање на ЕПО

Средствата за функционирање на ЕПО, а со тоа и неговата одржливост, ќе бидат обезбедениод Буџетот на Република Северна Македонија, како и преку неколку различни канали на дополнителни сопствени приходи,кои се дадени во табелите подолу. Истите се прикажани во две фази, односно фаза 1 која се однесува на 2020 година и фаза 2 која се однесува на 2021 година и натаму.

Табела 8 Пресметани годишни приходи на ЕПО (фаза 1)

| Активност | Опис | Годишен износ |
|---|---|---|
| **Буџет на РСМ** | 40% од годишните трошоци | 44.320 ЕУР |
| **Годишен паушал** | Годишен паушал наплатуван од инспекторатите | 33.240 ЕУР |
| **Издавање на простор** | Издавање на сали<br>4 дена x 200 ЕУР нето x 8 месеци | 6.400 ЕУР |
| **Организирање на настани, обуки и советувања** | 10 обуки x 40 учесници x 70 ЕУР нето | 28.000 ЕУР |
| **Вкупно** | | 111.960 ЕУР |

Табела 9Пресметани годишни приходи на ЕПО (фаза 2)

| Активност | Опис | Годишен износ |
|---|---|---|
| Буџет на РСМ | 30% од годишните трошоци | 33.240 ЕУР |
| Годишен паушал | Годишен паушал наплатуван од инспекторатите | 33.240 ЕУР |
| Издавање на простор | Издавање на сали<br>4 дена x 200 ЕУР нето x 12 месеци | 9.600 ЕУР |
| Организирање на настани, обуки и советувања | 10 обуки x 40 учесници x 70 ЕУР нето | 28.000 ЕУР |
| Годишна конференција | 1 настан x 150 учесници x 70 ЕУР нето | 10.500 ЕУР |
| Публикации | 1 публикација x 200 примероци x 50 ЕУР нето | 10.000 ЕУР |
| **Вкупно** | | 124.580 ЕУР |

## Буџет на Република Северна Македонија

Во фаза 1 се предвидува Буџетот на Република Северна Македонија да покрие 40% од вкупните годишни трошоци за работа на ЕПО, додека во фаза 2 се предвидува тој износ да биде 30% од вкупните годишни трошоци.

## Годишен паушал

Годишниот паушал наплатуван од инспекторатите треба да покрие дел од трошоците за работење на ЕПО. Истиот е предвиден на 30% од вкупниот буџет на ЕПО.

Доколку се земе предвид дека според Законот за инспекциски надзор се предвидува секој од околу 900-те инспектори да помине по 3 генерички обуки во рамките на една календарска година, тоа значи дека 2.700 инспектори ќе посетат обука во една календарска година. Ако вкупниот годишен паушал од 33.240 ЕУРсе подели со овој број, тоа значи дека минималниот износ е 12,3 ЕУР по инспектор по обука.

Покрај овој трошок, ЕПО треба да наплаќа и за придружните трошоци за одржување на обука (материјали, кафе и ручек). Во зависност од обуката, овој трошок може да изнесува околу 7-8 ЕУР по инспектор по обука.

## Издавање на салите на ЕПО

ЕПО, имајќи го во предвид капацитетот како што е опишан погоре, дел од средствата потребни за нејзино функционирање, може да ги обезбедува преку издавање на салите (за обуки и состаноци) на останатите државни интитуции, институциите на локалната самоуправа, правните субјекти од приватниот сектор, итн.

## Организирање на настани, обуки и советувања

Во смисла на ова, ЕПО може да организира:

- Обуки за учесници од приватниот сектор;
- Годишни настани / состаноци;
- Конференции и други настани;

## Публикации

Еден од начините за обезбедување на средства за непречена работа на ЕПО е издавање на публикации за слободна продажба.

Покрај горенаведените извори на приходи, во случај на развој на професионален и функционален интернет портал, ЕПО може да генерира приходи и преку обезбедување пристап до интернет порталот на субјектите на приватниот сектор.

## Правилници

Со цел регулирање и извршување на обуките и останатите активности кои ќе обезбедат функционалност на ЕПО, Советот треба да ги донесе следните правилници:

- Правилник за одржливост;
- Правилник за награда на интерните обучувачи и ментори;

Правилникот за одржливост ќе ги содржи начините на обезбедување на средства за непречено функционирање на ЕПО, меѓудругото предвидувајќи го и бројот на обуки и останати настани (конференции, советувања) кои треба да се одржат во текот на календарската година, бројот и тематиката на публикациите, како и начинот и ценовникот за советување на субјектите од приватниот сектор. Правилникот ќе ги предвиди одговорните лица, овластувањата и задолженијата.

Правилникот за награда на интерните обучувачи и ментори ќе го предвиди начинот на наградување на обучувачите и менторите, вклучувајќи ги и дневните награди за обуките кои ќе ги одржуваат обучувачите и месечните награди за менторите.